ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0101-230/16
22.06. 2016 год.
СКОПЈЕ

# ЗАПИСНИК
# ОД ВОНРЕДНО СОБРАНИЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА СУДИИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## одржано на 20 Мај 2016 година

Вонредното собрание на Здружението на судиите на Република Македонија се одржа на 20 мај 2016 година. На седницата на собранието присуствуваа делегати на Подружниците на Здружението на судиите на Република Македонија.

Вонредното собрание го отвори претседателот на Здружението на судиите на Република Македонија, д-р, Џемали Саити, кој најнапред ги поздрави присутните и изрази благодарност за нивното присуство.

Претседателот премина на работниот дел од собранието, при што отвори расправа по Деловникот за работа на собранието. Никој од присутните немаше забелешки по однос на Деловникот, при што истиот беше едногласно усвоен.

Понатаму претседателот укажа дека предлог Дневниот ред е приложен во материјалите на делегатите при што предложи дополнување на дневниот ред после точка 6 да се додаде нова точка 7 – Измени на бројот на членови на советодавното тело за судиска етика на судиите на Република Македонија и точка 8, Расправа за платите и додатоците на платите на судиите во Република Македонија, точка 7 станува точка 9 – Разно. Објасни дека седмата точка ја предлага од причина што согласно усвоениот Кодекс за судиска етика на судиите во Република Македонија, Советодавното тело за судиска етика се состои од претседател и 14 членови. Ваквиот состав продуцира поголеми потешкотии во организациона и функционална смисла како и поголеми материјални трошоци, што би резултирало и со помала ефикасност. Компаративно, ваквите советодавни тела формирани во регионот се во значително помал состав. На пример, Етичкиот совет кој функционира во рамките на Здружението на судии од Република Хрватска брои три членови, Советот за етички прашања на Република Србија е составен од 7 членови, а Судот на честа на Федерација Босна и Херцеговина брои 9 членови. Оттука, неопходно е намалување на бројот на предвидени членови во Кодексот од 15 на 7 членови. Со овој состав ќе се обезбеди поголема функционалност, доверливост на постапките, како и поголема слобода на судиите да се обратат до Советодавното тело за мислење. Истовремено, ова ќе овозможи и намалување на трошоците за негово функционирање.

Осмата точка претседателот укажа дека ја предлага поради актуелноста на ова прашање и додаде дека во оваа насока тој веќе има реализирано средба со Судски Совет на Република Македонија.

Со овие измени го стави на гласање следниот Дневен ред и праша дали некој има нешто да додаде или да даде своја забелешка:

*1.Донесување Деловник за работа на Собранието;*

*2. Избор на работни тела на Собранието*

- *Работно претседателство*
- *Верификациона комисија*
- *Кандидациона комисија*

*3. Извештај на Верификационата комисија;*

*4.Усвојување на записникот од Собрание одржано на 24.3.2016 година*

*5. Извештај за работата на Здружение на судиите на Република Македонија во периодот по изборот на новиот претседател (Март-Мај 2016) и предлог активности на Здружението;*

*6. Избор на членови во Управен одбор и Надзорен одбор на Здружение на судиите на Република Македонија;*

*7. Измени на бројот на членови на советодавното тело за судиска етика на судиите на Република Македонија;*

*8. Расправа за платите и додатоците на платите на судиите во Република Македонија;*

*9. Разно*

Збор зема судија Ацо Тасев од Основен суд Штип кој наведе дека има забелешка во однос на редниот број на точките на Дневниот ред во насока на тоа што смета дека точка 4 треба да биде точка 1. Предложи да се усвои ваквата промена.

Претседателот објасни дека кога е изготвуван Дневниот ред, тој имал голема дилема околу тоа како се усвојува прво деловник без притоа да се направи верификација на присутните делегати. Меѓутоа со оглед на тоа што не може да се отвори собрание пред да се утврди деловник за работа и со оглед на фактот што собранието не е постојано тело, нема деловник кој е постојан. Поради тоа мора да се оди по истиот принцип, а во иднина ќе мора да се размисли дали ќе се усвои еден деловник кој ќе важи на сите собранија. Додаде дека за да се усвои записникот прво треба да се формираат телата, да се утврди дали има

кворум за работа па потоа да се оди на гласање и усвојување на Записникот и другите точки од дневниот ред. Поради тоа се извини и со должна почит се обрати дека смета дека не треба да се прифати овој предлог.

Претседателот го стави на гласање предлогот од делегатот, судија Ацо Тасев.

Предлогот не беше прифатен.

Претседателот го стави на гласање предложениот Дневен ред дополнет со две точки.

Дневниот ред беше усвоен со 44 гласа ЗА и 3 гласа ПРОТИВ.

Понатаму, претседателот премина на втората точка од Дневниот ред – Избор на работни тела на Собранието. Прво наведе дека тој за работно претседателство покрај себе предлага 2 члена, а останатите членови остава на присутните делегати да ги предложат. За членови на работно претседателство ги предложи:

1. Џемали Саити – претседател
2. Судија Владимир Туфеџиќ и
3. Судија Зоран Глигоров.

Праша дали има други предлози?

Делегатите го предложија:

4.Судија Јоска Матески и
5.Судија Бетим Јахија.

Претседателот го стави на гласање предлогот за членови на работно претседателтство.

Предлогот беше едногласно усвоен.

Претседателот ги повика делегатите да го заземат своето место во работното претседателство.

Понатаму се премина на избор на членови на верификациона комисија, претседателот се обрати до делегатите и праша дали имаат предлози?

Никој од присутните не даде предлог, поради тоа претседателот ги предложи судија Илија Трпков како претседател на Верификациона комисија, судија Реџеп Асани и судија Љупчо Спировски. Бидејќи само еден од предложените беше присутен, претседателот праша дали судија Љупчо Прокопенко е присутен, бидејќи не беше присутен ги предложи

судија Јусуф Ајрулахи и судија Аце Бакиев. Оттука за членови на Верификациона комисија беа предложени судиите:

1.Илија Трпков – претседател
2. Јусуф Ајрулахи – член и
3. Аце Бакиев – член.

Предлогот беше ставен на гласање.

Истиот беше едногласно усвоен.

Се премина на предлагање и избор на членови на Кандидационата комисија.

Претседателот праша дали делегатите имаат предлог за членови на Кандидациона Комисија.

Збор зема судија Ацо Тасев од Основен суд Штип кој изрази своја сугестија поради поголема практичност при избор на членови на Кандидациона комисија смета дека треба од секое апелационо подрачје да има по еден член во Кандидационата комисија и петтиот член да биде од Врховниот суд.

Претседателот објасни дека праксата покажува дека Кандидационата комисија брои 3 члена и дека за тоа постојат критериуми и начин на кандидирање и доколку делегатите сакаат да се промени тоа треба да се гласа дали Кандидационата комисија да брои 3 или 5 члена. Додаде дека тој при самиот избор најавил процес на ребрендирање, но за тоа му требаат работни тела и не може да одлучува сам. Поради тоа го остави прашањето отворено да се дискутира дали сметаат дека треба да се прифати овој предлог или да се оди онака како што веќе било.

Повторно збор зема судија Ацо Тасев кој го искажа својот револт во насока на тоа да се продолжи со мандатарски начин на избор, туку додаде дека смета дека секоја подружница треба да си има свој член и да се промени статутот, бидејќи истакна дека во статутот никаде не пишува дека претседателот ги избира членовите во работните тела. Додаде дека тој оваа забелешка ја доставил и на писмено, но не добил одговор од Здружението.

Претседателот укажа дека тој сам не може да предлага измени и дека тој ги знае интерните проблеми на подружницата при Основен суд Штип и најави дека токму и затоа планира и остварување на посети, при што прва меѓу другите ќе биде подружницата при Основен суд Штип.

Бидејќи немаше што да се додаде го стави на гласање предлогот од судија Ацо Тасев.

Имаше два гласа ЗА и 45 гласа против. Со тоа предлогот не беше усвоен.

Понатаму, претседателот праша дали има предлози за членови на Кандидациона комисија. Бидејќи присутните делегати немаа предлози, претседателот ги предложи судиите:

1.Снежана Ѓорѓиевска Зекирија – претседател;
2. Сафет Изаири– член; и
3.Загорка Тноковска – член.

Предлогот го стави на гласање.

Предлогот беше едногласно усвоен.

За записничари, претседателот укажа дека се стручните соработници Петра Кабранова Николовска и Милена Томиќ.

За заверувачи на Записник претседателот укажа дека треба да се изберат двајца судии, но замоли тие да бидат од Скопје, заради полесно заверување на изготвениот записник. За заверувачи на Записник беа предложени судија Јованка Спировска Панева и судија Иван Џолев.

Предлогот беше ставен на гласање.

Истиот беше едногласно усвоен.

Понатаму претседателот го повика претседателот на Верификационата комисија да го поднесе својот извештај.

Верификационата комисија согласно овластувањата од член 7 од Деловникот за работа на Вонредното Собрание на Здружението на судиите на Република Македонија, го поднесе следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

Собранието го сочинуваат претставници на подружниците. Секоја подружница има право на еден претставник на секои започнати 10 члена или вкупно треба да има 79 претставници.

Од доставените полномошна, Комисијата заклучи дека вкупно се присутни 47 претставници на подружниците.

Од горните податоци, Верификационата комисија утврди дека постојат услови за работа на Собранието.

Отткако се утврди дека има кворум за работа, претседателот предложи да се премине на 4 тата точка од дневниот ред – Усвојување на Записникот од Собрание одржано на 24.3.2016 година.

Отвори расправа по истиот.

Бидејќи немаше забелешки го стави на гласање.

Записникот беше усвоен со 45 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ.

Се премина на петтата точка од Дневниот ред. Поднесување на извештај за работата на ЗСРМ во периодот по изборот (Март – Мај) и предлог активности. Претседателот најнапред се извини што извештајот за работа им е даден на самата седница на Собранието и накратко им ги презентираше сите активности кој ги има превземено од неговиот избор до 20 Мај.

Во продолжение ги презентираше своите предлог активности кои треба да ги преземе Здружението. Истакна дека предлог програмата за работа на ЗСРМ за период мај – декември 2016 година им е доставена во материјалите и укажа дека истата ја има концепирано во три дела и тоа за програма за работа ја предлага следната програма:

## I. Тековни активности

1. Преземање на активности за афирмација на целите и задачите на Здружението на судиите на Република Македонија, дефинирани во Статутот на Здружението, а особено:

- Преземање на активности за целосна имплементација на Бенгалорските начела;

- Активности за јакнење на независноста и самостојноста на судиите и судската власт;

- Унапредување на статусот на судиите. Преземање на активности во однос на нормативните гаранции кои ја обезбедуваат независноста и самостојноста на судиите. Иницирање на законски измени кои се од влијание за статусот и работењето на судиите;

- Активности за обезбедување на финансиската независност и зајакнување на материјалниот статус на судиите. Преземање на конкретни активности во однос на редовното усогласување на платите и на планираните додатоци на платите;

- Активности за поголемо вклучување на членовите на Здружението во работата на истото. Посета на подружниците на Здружението на судиите на РМ;

- Преземање на активности за воспоставување на соработка со јавноста и средствата за јавно информирање, во насока на креирање на меѓусебна доверба, и соодветна реакција кон евентуалните прекршувања на професионалните стандарди и неоснованите напади врз судството и судиите;

- Тековни активности во однос на веќе започнати проекти кои се однесуваат на јакнењето на независноста и самостојноста на судиите и судиската власт, едукација на судиите;

2.Конституирање на Советодавното тело за судиска етика и преземање на активности за функционирање на истото. Преземање на активности за едукација на телото и судиите кои треба да аплицираат пред Советодавното тело – Изготвен проект за апликација;

3.Воспоставување во функција на Судиската ревија. Осмислување на функционирањето на Ревијата и продолжување на веќе започнатата постапка за зачленување во ЕПСКО и здобивање со меѓународен ИМПАКТ фактор, неопходен за поттикнување на стручната јавност за теми важни за развојот на правната мисла;

4.Осмислување, изготвување на проектни планови, апликација и имплементација на истите, особено тие кои се однесуваат на јакнењето на капацитетите на Здружението;

5. Учество на семинари и останати работилници на кои се промовираат целите и задачите на Здружението, зголемувањето на професионалноста на судиите и усогласувањето на националните мерки за антикорупција и судир на интереси со Европските стандарди;

6. Воспоставување на Регистар на активности на членовите на органите на управување и членовите на Здружението. Евиденија на учество во одредни активности (семинари и работилници) и доставени понуди - предлози за учество.

**II.Системски програмски активности**

1. Редефинирање на целите и задачите на Здружението;

2. Нормативна консолидација на Статутот на Здружението во однос на внатрешната организациона поставеност и конституирањето на органите, како и стандардизација на актите на Здружението согласно Законот за здржениja и фондации, (Формирање на работни групи по двете главни прашања, подготовка на предлог решенија, јавна дебата по подружници, оформување на финални предлог решенија и закажување и одржување на тематско собрание;

3. Дефинирање на нови форми (начин) на финансирање;

4. Активности во рамките на Европското (ЕАЈ) и Светското здружение на судии (ИАЈ);

5. Зајакнување на соработката со релевантни организации и фондации на Советот на Европа и Европската Унија и други меѓународни институции.

Предложениот план за работа ги содржи и предлозите на 15-те подружници на Здружението на Судии на Република Македонија. (Во, Ноември 2015 година до подружниците е испратен допис со барање да одржат состанок на кој членовите ќе расправаат за активностите кои Здружението треба да ги реализира во 2016 година. Заклучно со 01.12.2015 година, од 34 подружници, 15 одговориле на барањето и доставиле предлог - активности за кои сметаат дека е потребно да се реализираат во програмата за работа во 2016 година).

Претседателот на Здружението на судиите на Република Македонија праша дали некој сака да се вклучи со забелешки околу извештајот или програмата за работа, отвори расправа.

Бидејќи немаше забелешки, извештајот и програмата за работа беа едногласно усвоени.

Претседателот, премина на точка 6 од дневниот ред – Избор на членови во Управен одбор и Надзорен одбор на ЗСРМ. Праша дали сите се согласуваат да се бираат и нови членови на Надзорен одбор, образложувајќи дека според него логично би било кога се менува Управниот одбор треба да се променат и членовите во останатите тела на Здружението. Бидејќи сите се согласија со истото, претседателот продолжи со шестата точка. Го повика претседателот на Кандидационата комисија да го поднесе својот извештај.

Претседателот на Кандидационата комисија го поднесе својот извештај и за членови во Управниот одбор на Здружение на судиите на Република Македонија ги предложи:

1. **Џемали Саити** – судија на Врховен суд на Република Македонија (претседател, досегашен состав);
2. **Шпенд Деваја** - судија на Врховен суд на Република Македонија;
3. **Лидија Димчевска** – судија на Апелационен суд Скопје
4. **Иван Џолев** – судија на Основен суд Скопје 1 Скопје
5. **Емилија Шопар Јованова** – судија на Основен суд Скопје 2 Скопје
6. **Јоска Матески** – судија на Апелационен суд Битола
7. **Вулнет Винца** – судија на Основен суд Охрид
8. **Љубен Биновски** – судија на Основен суд Прилеп
9. **Златко Анѓелкоски** – судија на Апелационен суд Гостивар
10. **Бетим Јахја** – судија на Основен суд Тетово
11. **Лазар Нанев** – судија на Основен суд Кавадарци

12. **Светлана Јованова** – судија на Апелационен суд Штип
13. **Василка Василева** – судија на Основен суд Струмица
14. **Ацо Тасев** – судија на Основен суд Штип
15. **Фани Илиевска** – судија на Виш Управен суд

Предложени кандидати за членови во Надзорниот одбор на Здружение на судиите на Република Македонија се:

1. **Оливера Китанова Мицевска** - судија на Врховен суд на Република Македонија
2. **Санде Зиков** - судија на Основен суд Скопје 2 Скопје
3. **Бошко Богдановски** – судија на Апелационен суд Битола
4. **Изет Исмаили** – судија на Апелационен суд Гостивар
5. **Весна Димитриевска Накова** – судија на Апелационен суд Штип

Предлогот за членови на Управен и Надзорен одбор претседателот го стави на дискусија. Бидејќи никој не се јави за дискусија, предлогот беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Претседателот им честиташе на членовите на Управниот одбор и Надзорниот одбор и изрази надеж за успешна соработка.

Потоа се премина на точка 7 од Дневниот ред – *Измени на бројот на членови на советодавното тело за судиска етика на судиите на Република Македонија;*

Од причините кои претседателот ги објасни на почетокот ги предложи следните измени:

Се предлага измена на точка 9.2 и точка 9.3 која гласи:

Во точка 9.2 зборовите „14 члена“ се заменуваат со зборовите „6 члена“.

Во точка 9.3 став 2, зборовите „по еден судија од Врховниот суд и од Вишиот Управен или Управен суд, и по еден судија од секој апелационен суд, а осум судии се членови од основните судови, избрани од двата најголеми суда од секое апелационо подрачје што уживаат доверба кај судиите врз основа на својот личен интегритет и дигнитет во вршењето на судиската функција“ се заменуваат со зборовите:

„еден судија од Врховен суд на Република Македонија, еден судија од Виш Управен суд или Управен суд, по еден судија од секое апелационо подрачје кои уживаат доверба кај судиите врз основа на својот личен интегритет и дигнитет во вршењето на судиската функција. “

Отвори расправа по предлогот и истиот го стави на гласање.

Присутните се сложија со предлогот и истиот беше едногласно усвоен при што Собранието ги усвои следните:

**Измени на Кодексот за судиска етика на судиите во Република Македонија**

Член 1

Во точка 9.2 зборовите „14 члена“ се заменуваат со зборовите „6 члена“.

Член 2

Во точка 9.3 став 2, зборовите „по еден судија од Врховниот суд и од Вишиот Управен или Управен суд, и по еден судија од секој апелационен суд, а осум судии се членови од основните судови, избрани од двата најголеми суда од секое апелационо подрачје што уживаат доверба кај судиите врз основа на својот личен интегритет и дигнитет во вршењето на судиската функција“ се заменуваат со зборовите:

„еден судија од Врховен суд на Република Македонија, еден судија од Виш Управен суд или Управен суд, по еден судија од секое апелационо подрачје кои уживаат доверба кај судиите врз основа на својот личен интегритет и дигнитет во вршењето на судиската функција.“

Се премина на точка 8 од дневниот ред - *Расправа за платите и додатоците на платите на судиите во Република Македонија;*

Претседателот објасни дека на средбата остварена со Судскиот совет, меѓудругото се разговарало и за платите на судиите, но за жал тоа не дало резултат.

Отвори расправа по ова прашање.

Збор зема судија Иван Џолев. Тој ги информираше присутните дека подружницата на Основен суд Скопје 1 Скопје, одржала состанок во врска со платите на судиите и донеле заклучок односно предлог до Здружението, да се излезе со умерено соопштение во јавноста и пред се да се демантира информацијата изнесена во медиумите дека платите на судиите биле зголемени заедно со платите на обвинителите. Во оваа насока да се даде поддршка на судските службеници и да се укаже на член 52 ст.2 од Законот за јавно обвинителство според кој платата и другите надоместоци на јавното обвинителство се уредуваат со закон и се соодветни со платите и надоместоците на судиите затоа смета дека соопштението треба да биде поврзано со јавното обвинителство, со поздравување на нивното покачување и демантирање на покачувањето на платите на судиите.

Збор зема и судија Владимир Туфеџиќ, кој истакна дека на ова собрание треба да излезат со единствено мислење во однос на ова прашање. Колку што е информиран истакна дека веќе се превземени некои активности за платите на судиите и дека треба да се подржат и судските службеници во нивното залагање за зголемување на платите. Ги поздрави сите напори кои ги прави Здружението во однос на ова прашање.

Збор зема и судија Ацо Тасев кој наведе дека постои и законот за надоместоци на плати на судиите од 31.12.2015 година со важност од денот на донесување, па според тоа предложи првата задача на новиот Управен одбор е да превземе активности за реализација на Законот. Истакна дека се согласува со судија Владимир Туфеџиќ за подржување и на судските службеници.

Претседателот на Здружението на судиите на Република Македонија наведе дека во оваа насока има изготвено три заклучоци со кои може да се излезе во јавноста и тоа на следниов начин:

Собранието расправаше и за платите и надоместоците на судиите и ги усвои следните заклучоци:

• Собранието ги подржува напорите на Претседателот на Здружението и Управниот одбор во правец на усогласување на платите и додатоците на плати согласно Законот за платите на судиите и Законот за дополнување на законот за платите на судиите (Службен весник на РМ, бр.231 од 31.12.2015 година);

• Собранието на Здружението, ги демантира написите во одредени средства за информирање дека на судиите во Република Македонија им било исплатено било какво покачување на плати, односно додатоци,

• Се подржуваат активностите на судската служба во напорите за покачување на платите.

Претседателот се обрати до присутните дали се согласуваат да се излезе во јавноста со овие заклучоци?

Сите присутни се согласија со предлогот.

Предлогот беше едногласно усвоен и се донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК: Да се објави горенаведеното соопштение на веб страната на Здружението и да се испрати до медиумите за објавување во јавноста.**

За крај под точка 9 – Разно, претседателот се обрати до присутните дали имаат нешто да додадат за што би сакале да се отвори расправа.

Бидејќи немаше предлози, претседателот на Здружението на судиите на Република Македонија, д-р Џемали Саити констатираше дека Дневниот ред е исцрпен и со тоа ја заклучи седницата.

Скопје, 20 Мај 2016 година

Записникот го подготвија,
Стручни соработници во ЗСРМ:

**Петра Кабранова Николовска** ________

**Милена Томиќ** ________

**Заверувачи на записник,**

1. **Јованка Спировска Панева – судија на Основен суд Скопје 2 Скопје** ____________________
2. **Иван Џолев – судија во Основен суд Скопје 1 Скопје** ____________________